Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 18 март 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваше и Филип Николоски заменик на министерот за финансии и доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство.

На седницата не учествува: претседателот на Владата д-р Димитар Ковачевски, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.** Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки.

**2.** Кадровски прашања

**3.** Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ограничување на извозот на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Др. Артан Груби**